РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЖЕЛИНО
Бр.11-845/1
30.07.2019 год.
Желино

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13,187/13, 42/14,44/15,129/15, 192/15, 39/16, 97/17, 98/17), Општина Желино,на ден 30.07 .2019 година, донесе:

**Одлука за спроведување стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за стовариште – Г4 за КП бр.790, КО. Групчин, м.в. Равша, Општина Желино, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

**2.**Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за стовариште – Г4 за КП бр.790, КО. Групчин, м.в. Равша, Општина Желино,се определуваат следните: Општина Желино, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за државни патишта, ЕВН.

**3.**Планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за стовариште – Г4 за КП бр.790, КО. Групчин, м.в. Равша, Општина Желино,, за чија изработка е одговорен ТЕПЛАН ДОО Тетово, ќе има влијание врз животната средина.

**4.** Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание врз пределот, влијание по однос на генерирање на комунален и градежен отпад, влијание врз амбиентниот воздух и влијание од несреќи и хаварии.

**5.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Желино, на следната веб адреса:
www.http://zhelina.gov.mk

ОПШТИНА ЖЕЛИНО
Градоначалник
Мр.Блерим Сејди

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KOMUNA E ZHELINËS
Nr.11-845/1
30.07.2019 vit.
Zhelinës

Në bazë të nenit 65 pika (6) të Ligjit për Mjedisin jetësor("Gazeta Zyrtare e RM" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13,42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 97/17, 98/17), Komuna e Zhelinës më 30.07.2019 vit, sjell ketë:

**Vendim për zbatimin e vlerësimit strategjik**

**1.** Për dokumentin planor të Dokumentacionit planor urbanistik lokal për deponitë – G4 për PK nr.790, KK Grupçin, v.q. Ravsha, Komuna e Zhelinës, është e nevojshme të bëhet një vlerësim strategjik i ndikimit në mjedis, në përputhje me nenin 65 të Ligjit për mjedisin jetësor.

**2.** Si organ që përfshihen nga implementimi i dokumentit planor të Dokumentacionit planor urbanistik lokal për deponitë - G4 për PK nr.790, KK. Grupçin, v.q. Ravsha, Komuna e Zhelinës, jepen këto në vazhdim: Komuna e Zhelinës, Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor, Ministria e bujqësisë, pyllëtarisë dhe menaxhimin e ujërave, Agjencioni për rrugë shtetërore, EVN.

**3.**Dokumenti planor Dokumentacioni planor urbanistik lokal për deponitë– G4 për PK nr.790, KK.Grupçin, v.q. Ravsha, Komuna e Zhelinës, për punën e të cilit është përgjegjës TEPLAN SHPK Tetovë, do të ketë ndikim në mjedisin jetësor.

**4.** Raporti i vlerësimit strategjik mjedisor duhet të mbuloje aspektet e meposhtme: Ndikimi në ujerat nëntokësore dhe sipërfaqësore, ndikimi në tokë, ndikimi në peizazhin, ndikimi në gjenerimin e mbetjeve komunale dhe ndërtimore, ndikimi në ajrin e ambientit dhe ndikimi nga fatkeqësitë dhe aksidentet e medha.

**5.**Vendimi së bashku me formularin për përcaktimin e nevojës për një vlerësim strategjik është publikuar në faqen e internetit të Komunës së Zhelinës,në adresën e internetit:
wwww.http://zhelina.gov.mk

KOMUNA E ZHELINËS
Kryetar
Mr.BlerimSejdi

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Локална урбанистичка планска документација<br>за стовариште – Г4 за КП бр.790, КО. Групчин вон гр., м.в. Равша, Општина Желино |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Желино |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Желино |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | ДПУПИ „ТЕПЛАН“ ДОО - Тетово<br>Љуљејета Арифи Рамадани, диа<br>Сирмијете Демири, диа<br>Мухарем Мухареми, дги |
| Назив на работното место | Работен тим |
| Контакт податоци за лицето | 044/333-143<br>teplan_ing@yahoo.com |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Планскиот документ се донесува во согласност со член 50 и 63 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 5/02) и член 26 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на Р.М." бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16,163/16, 64/18 и 168/18), според кој Градоначалникот на Општина Желино има донесеноРешениеза одобрување Планска ПрограмаТех.бр. ИА-04/2019-од јуни 2019за изработка наЛокална урбанистичка планска документација за стовариште – Г4 за КП бр.790, КО. Групчин, м.в. Равша, Општина Желино. | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| / | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да. Просторното и урбанистичкото планирање икористењето на земјиштето | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да☒<br>Не☐ | Член: 3 | Точка: 13 | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Не | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Основна цел на донесување на Локална урбанистичка планска документација за стовариште – Г4 за КП бр.790, КО. Групчин, м.в. Равша, Општина Желино е да се овозможи реална организација на просторот која ќе доведе до оптимална реализација на овој плански документ, односно треба да се усогласат барањата на корисниците на просторот и Локалната самоуправа, почитувајќи ја сопственоста на постојната парцела и функционалната целина на просторот, со вградување на оптимални параметри за планираните градби, пристап до градежната парцела, оптимални решенија на инфраструктурата, создавајќи реални услови за реализација на оваа ЛУПД. | | | |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) | | | |
| Планирање на плосторот | | | |
| Периодот за донесување на планскиот документ. | | | |
| нема | | | |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? | | | |
| нема | | | |

| |
|---|
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Локацијата на просторот опфатен со Локалната урбанистичка планска документација се наоѓа во атарот на село Групчин во место викано Равша, Општина Желино. Опфатот се наоѓа во рамничарскиот дел од село Групчин, така да може да се каже дека теренот е равен, со благ пад.Границата на планскиот опфат претставува затворен полигон кој се движи по границите за КП.бр.790 и зафаќа површина од 3553 $м^2$ |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☐<br>Не ☒ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |




- Линија на опфат П=3553м²

Друштво за премер, геодетски услуги, проектирање и инжинеринг
Shoqëri për matje, shërbime gjeodezike, proektim dhe inxhinieri
GEO DEZIS

# АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

К.О. Групчин    Општина: Желино

**ЛЕГЕНДА:**

- Граници на катастарски парцели
- Граници на катастарски општини
- 790 — Број на катастарска парцела
- 1 — Реден број од надморска висина
- 520.43 — Број на надморска висина(кота)
- Бетонски столб од далековод
- Север
- Дециметарска мрежа

| | |
|---|---|
| ИЗГОТВУВАЧ: | ГЕО ДЕЗИС ДОО ТЕТОВО |
| НАРАЧАТЕЛ: | ТЕ ПЛАН |
| ПРЕДМЕТ: | АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА |
| ОПШТИНА | ЖЕЛИНО |
| КАТАСТАРСКА ОПШТИНА | К.О. ГРУПЧИН |
| ДАТА | Мај, 2019 година. |
| РАЗМЕР | 1 : 2 000 |
| ДЕЛОВОДЕН БРОЈ | 1-694/3 |
| ИЗРАБОТИЛ | Алиу Алија ѓеод.инж. |
| УПРАВИТЕЛ | Алиу Алија<br>Име,презиме и потпис  М.П. |

# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**-разработка-**
# ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕГИОНОТ НА СЛИВОТ НА РЕКА ТРЕСКА
**2005 - 2020**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Биланс на намена на површините*

***Користење на земјиштето*** *Карта бр. А3030711*

**Легенда:**

- високопланинско пасиште
- земјоделско земјиште
- шума и шумско земјиште
- повеќенаменско подрачје "Јасен"
- наводнувана површина
- зона за експлоатација на минерали
- транзитен коридор
- граница на туристички регион
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка пруга
- граница на сливно подрачје
- град
- општински центар
- река

**Туристички локалитет**

- езерски локалитет
- градско туристички центар
- планинско климатско-лекувалишен локалитет
- рамничарско-ридско климатско-лекувалишен локалитет



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-разработка-
# ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕГИОНОТ НА СЛИВОТ НА РЕКА ТРЕСКА
**2005 - 2020**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Просторно-функционална организација*
***Систем на населби и сообраќајна мрежа*** *Карта бр. A3030712*

## Легенда:

- центар на мезорегион
- центар на микрорегион
- центар на рурална општина
- село
- граница на сливно подрачје
- општинска граница
- акумулација
- река

**Оски на развој**
- западна
- северна

**Сообраќајна мрежа**
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железница

**Здравство**
- примарна здравствена заштита
- секундарна здравствена заштита

**Образование**
- основно
- средно
- високо

**Култура**
- библиотека
- дом на култура
- музеј и завод за заштита на споменици од културата



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**-разработка-**

# ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕГИОНОТ НА СЛИВОТ НА РЕКА ТРЕСКА
**2005 - 2020**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Инфраструктурни системи*

***Водостопанска и енергетска инфраструктура*** *Карта бр. А3030713*

**Легенда:**

- граница на сливно подрачје
- трафостаница 110 kV
- трафостаница 35 kV
- далновод 220 kV
- далновод 110 kV
- далновод 35 kV
- гасовод
- хидроелектрана
- мала и мини хидроелектрана
- термоелектрана
- акумулација
- акумулација по 2020
- река Треска
- притока
- рибник
- наводнувани површини
- наводнувани површини по 2020
- РВС „Треска“
- РВС „Студенчица“
- лежиште на рудник Осломеј-Исток
- лежиште на искористен рудник
- неискористен рудник
- можно лежиште на рудник
- град
- општински центар



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-разработка-
# ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕГИОНОТ НА СЛИВОТ НА РЕКА ТРЕСКА
**2005 - 2020**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:

*Синтезни карти*

*Карта бр. А3030714*

Тема:

*Заштита и унапредување на животната средина и културното наследство*

***Реонизација и категоризација на просторот за заштита***

Легенда:

- граница на сливно подрачје
- општинска граница
- град
- општински центар
- акумулација
- река

**Рекултивација на деградирани простори**

- јаловишта и површински коп за јаглен
- деп. за комунален цврст отпад и дива деп.
- депонија за техноген и руднички отпад
- сервисна регионална депонија
- индустриски загадувач

**Споменик на природата**

Заштитен

- ботанички
- заштитен предел
- зоолошки
- пештера
- хидролошки

Предложен

- ботанички
- дендролошки
- зоолошки
- карактер. пејсаж
- пештера
- природен резерват
- хидролошки

**Превентивна заштита**

- зашт. зона на акумулации и реки
- заштита на шуми
- зашт. зона на изворишни простори
- заштита на земјоделско земјиште
- зашт. на простор со природни вред.

**Културно-историско наследство**

- археолошки локалитет
- црква
- куќа
- манастир
- спомен гробница
- зграда



| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br><br>Со имплементација на планскиот документ се очекуваат позитивни долгорочни влијанија врз демографскиот развој на населението од околината. Зголемувањето на пазарниот потенцијал, отворањето на нови работни места, и привлекување на инвеститори во подолг временски период, ќе доведе до зголемување на нивото на животен стандард, што ќе резултира со намалување на миграцијата село-град.<br>Во однос на човековото здравје на околното население, не се очакуваат значителни влијанија заради видот и природата на проектните содржини (Г4 - стовариште), кои, гренерално гледано, не спаѓаат во групата на големи и директни згадувачи на животната средина и човековото здравје.<br>Во прилог на заштитата на животата средина и човековото здравје и намалување на влијанијата одат и предвидените плански решенија и предложените мерки за заштита за сообраќајната и комуналната инфраструктура, во смисла на: обезбедување на појаси со заштитно зеленило и хортикултурно уредување на комплексот и сообраќајниците, водоводна и канализациона мрежа, организирано управување со отпадот и сл. Со тоа, можноста за загадување на медиумите на животната средина (почва, површински и подземни води и воздух) е сведена на минимум, а со самото тоа и можноста за загрозување на човековото здравје.Според планските решенија отпадот кој се генерира во објектот ќе се изнесува од страна на овластени фирми и ќе се депонира на соодветна депонија.<br>Согласно законската регулатива, создавачите на отпад се должни да ги превземат сите мерки за собирање, складирање и транспорт за крајно одлагање на отпадот на соодветни депонии. Со доследна примена на овие законските обврски, не се очекуваат значајни негативни влијанија од управувањето со отпад | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Влијанијата врз животната средина се главнонезначителни во оперативната фаза,бидејќи се работи за опфат од мал обем и дејност која не спаѓа во групата на големи и директни загадувачи на животната средина. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животната средина и животот и здравјето на луѓето |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема прекугранична природа на влијанијата |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема опасност од ризици врз здравјето на околното население или животната средина како резултат на несреќи.<br>Во однос на незгодите кои можат да настанат како резултат на природни непогоди (земјотреси, појава на |

| | |
|---|---|
| | поплави, силен ветер, ниски температури, наноси од снег и слично) може да се каже дека планираните градбиќе ги исполнува законските прописи за ваков тип на објекти (сеизмичност, конструктивна стабилност, цврстина, термичка изолзција итн.)<br>Во однос на незгоди кои можат да настанат како резултат на појава на пожар, за објектите ќе се изработи Елаборат за заштита од пожари во кој ќе бидат наведени сите потребни мерки за ПП заштита. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Не се очекува да биде засегната поголема област, односно да биде засегната голема популација. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Подобрување на бизнис климата, нови работни места, зголемување на доходот по глава на жител и стапката на економски раст, зголемување на нивото на животен стандард<br>Реализацијата на ЛУПД се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Не се очекува да биде засегната поголема област. Мотивот за изработка на Локалната урбанистичка планска документација во рамките на сопствената катастарска парцела е потребата за максимално искористување на земјиштето за градба во рамките на Планскиот опфат. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Околината на планскиот опфат не се наоѓа во заштитено подрачје на природно наследство. Исто така не постојат заштитени подрачја во нејзината поширока околина. Во поширокото подрачје не постојат значајни елементи на биолошка и пределска разновидност (карактеристични и ретки видови на флора и фауна, загрозени видови според меѓународните и националните стратешки документи во доменот на заштитата на природата), ниту чуствителни зони. Според тоа, а имајќи ги во предвид видовите и малите влијанија на емисиите во медиумите на животната средина и областите на животна средина поврзани со планските содржини, не постои веројатност за значително и неповратно негативно влијание врз природните карактеристики на и околу планскиот опфат.<br>На просторот дефиниран со границата на планскиот опфат во овој плански документ, не се евидентирани посебни природни постојни споменички целини, |

| | |
|---|---|
| | градби од културно-историско значење и културни предели. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Со оглед на намента на објектите од предметниот опфат нема надминување на стандардите за квалитет на животната средина.Фреквентноста на возила во рамките на планскиот опфат претставува потенцијална можност за нарушување на квалитетот на амбиентниот воздух. Сепак, предвидените плански решенија за сообраќајната инфраструктура со обезбедување на заштитни појаси од зеленило и хортикултурно уредување во самиот комплекс, преставуваат основа да се очекува дека тоа нема да придонесе кон значајни нарушувања на квалитетот на воздухот во поширокото подрачје или да доведе до климатски промени.Во планското решение потребно е изготвување на детален специфичен План за управување со отпадот во оперативната фаза кој мора да опфати примарна селекција и правилно одлагање на создадениот отпад, за да се спречи, односно ублажи влијанието врз животната средина. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Во планскиот опфат нема изграден објекти.При изработка на планскиот документ и анализите за природата и употреба на земјиштето кое се наоѓа во планскиот опфат, констатирано е дека опфатот се однесува на земјиште под нива (V класа)кое ќе биде пренаменето за друга дејност.<br>Со имплементација на оваа ЛУПД ќе се оствари рационално користење на земјиштето преку неговата пренамена, |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Во опфатот на планот нема регистрирани заштитени објекти или заштитено подрачје. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина (како што е во овој случај) се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона,

| |
|---|
| објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Во планскиот опфат нема изграден објекти. Планскиот опфат кој е предмет на ЛУПД се наоѓа во непосредна близина на локален пат Групчин - Добарце и во близина на автопатот Скопје - Тетово. Најблиското населено место е с.Добарце на околу еден километар оддалеченост. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br><br>Донесувањето на планскиот документ,нема да има значајно влијание врз животната средина.Одржливиот развој ќе се промовира преку повисока организација,инфраструктурна опременост и уреденост на просторот,услови за работа на луѓето како и рамномерен просторен развој.Преку аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз економскиот развој на Општината,спречување на миграција од општината во поголемите центри од регионот и државата. Со тоа ќе се придонесе кон подобрување на бизнис климата, отворање на нови работни места, зголемување на доходот по глава на жител и стапката на економски раст, зголемување на нивото на животен стандард. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Имајќи ја во предвид класата на намени во рамките на планскиот опфат, не се очекуваат негативни влијанија врзживотната средина, односно не се очекуваат значајни еколошки проблеми. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>За просторот во рамките на дефинираниот плански опфат кој е предмет на Локалната урбанистичка планска документацијаза стовариште – Г4 за КП бр.790, КО. Групчин, м.в. Равша, Општина Желино, до сега нема изготвено планска документација.<br>Единствен постоен плански документ е планот од највисок ранг - Просторен план на Р.Македонија 2002-2020 година (преку Условите за планирање).<br>Во тој контекст, реализацијата на оваа Локална урбанистичка планска документација е во согласност со определбите на Просторниот план на Р. Македонија (2002-2020 год.), а функционирањето на планираните капацитети ќе бидат поставени врз принципите за заштита на животната средина и истовремено рационално користење на земјиштето.<br>Потенцијалните влијанија од реализацијата на планскиот документ врз елементите на животната средина(вода,воздух,почва,отпад) се во директна врска со целите на следните плански документи:-Национален план за заштита на животната средина-НЕАП ,Индикатори за животна средина,Национална стратегија за управување со отпад,Национален план за управување со отпад. |

<table>
<tr><td colspan="2">Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Нема спроведено претходна оценка</td></tr>
<tr><td colspan="2">Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина (како што е во овој случај) се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го доставт до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td>Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td>Функција, име и презимеи потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Градоначалник<br>Мр.Блерим Сејди</td></tr>
<tr><td>Датум 30.07.2019 г. ,УП бр. 11-845/2<br>Место Општина Желино</td><td>М.П.</td></tr>
</table>

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА/REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**ОПШТИНА ЖЕЛИНО/KOMUNA E ZHELINËS**

Бр. **11 – 845 / 3**
**30. 07. 2019 год**
**Општина Желино**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**- СЕКТОР ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ -**
**Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3**
**1000 СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| **П Р Е Д М Е Т: Барање Мислење**<br><br>Почитувани,<br><br>Постапувајќи согласно член 65 од Законот за животната средина („ Сл. Весник на РМ" бр. 53/05,81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/ /10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15,192/15,39/16,97/17,98/17), ги изработи вме и Ви ги доставуваме Одлуката за спрове дување на стратегиска оцена и SEA формула рот кои се однесуваат на **Локална Урбанист ичка Планска Документација ,** со намена – Г4– стовариште, на КП бр. 790 , КО Групчин вон г.р., општина Желино **,** на Ваша понатамо шна надлежност согласно законската регулат ива.<br>Вашето мислење, Ве молиме да ни биде до ставено во законски утврдениот рок како би можеле да ја продолжиме постапката.<br>Ви благодариме за соработката.<br>Со почит,<br><br>**Прилог:**<br>- Одлуката за спроведување на стратегиска оцена<br>- SEA Формулари<br>- Решение за Услови за планирање на прос торот бр.УП1- 15147 /2019 од 17. 04.2019 г. | **L Ë N D A :Kërkim të mendimit**<br><br>Të nderuar,<br><br>Duke vepruar sipas nenit 65 nga Ligji për mje disin jetësor("Gaz. Zyr. e R.M"nr. 53/05,81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124 /10, 51/11, 123/12 ,93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 42/16,97/17,98/17),i pregaditëm dhe Ju dorëzojmë Vendimin për zbatim të vlerësimit strategjik dhe SEA formularit në lidhje me **Dokumentacionin planor urbanistik lokal,**me destinim -G4- depo,në PK nr. 790,KK Grupçin jashtë r.n., komuna e Zhelinës**,** në kompetencat e Juaja të mëtutjeshme në pajtueshmëri me regullativat ligjore.<br>Mendimin Tuaj,Ju lutemi të na dorëzoni brenda afatin të paraparë ligjor që të mund të vazhdo jmë procedurën.<br>Ju faleminderojmë për bashkëpunimin,<br>Me respekt,<br><br>**Shtojcë:**<br>- Vendimin për zbatim të vlersimit strategjik<br><br>- SEA formularët<br>- Aktvendim për kushtet për planifikim të hapsi rës nr.UP1-15147/ 2019 nga 17. 04. 2019 v. |

Изготвил/Pregaditi
**Мирослав Петровски** диг

Општина Желино/ Komuna e Zhelinës
Градоначалник/ Kryetari
**Mr. Blerim Sejdi**

Арх. знак ____
Рок на чување ____
____ 20 ___ год.
Потпис ____

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. УП1-15 147/2019 од 17. 04. 2019 година
Скопје

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на **Измет Алими, с.Чифлик б.б.,Тетово** се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена Г4 - стовариште, КП 790, КО Групчин, Општина Желино.**

Површината на планскиот опфат изнесува 0,35 ha и се наоѓа на земјиште под нива (V класа). Планскиот опфат влегува во граници на III заштитна зона на Рашче и во планскиот опфат на Просторен план на регионот на сливот на реката Треска.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y00819** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена Г4 - стовариште, КП 790, КО Групчин, Општина Желино, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште и ограничување на трансформација на земјиштето во неземјоделско земјиште.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија" и Просторен план на регионот на сливот на реката Треска претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова **Решение за Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена Г4 - стовариште, КП 790, КО Групчин, Општина Желино** и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**МИНИСТЕР**
**Sadulla Duraki**

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Неби Реџепи

Mirce

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

- СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1142/2019
Дата 12. 08. 2019

Република Северна Македонија / Republike e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА ЖЕЛИНО / KOMUNA E ZHELINËS

| Примено: / Është pranuar: 20. 08. 2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица / Njësi. Organ. | Број / Numër | Прилог / Shtosë | Вредност / Vlera |
| 11 | 845/4 | | |

До: Општина Желино
с. Желино
1226 Желино
Република Северна Македонија

Предмет: Известување
Врска: ваш бр. 11-845/3 од 30.07.2019

Почитувани,

Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање под бр. УП1-15 1142/2019 од 01.08.2019 год. поврзано со постапка за носење на планска документација ЛУПД со намена за Г4-стовариште на КП бр. 790, КО Групчин вон гр. - Општина Желино, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина („Службен весник" бр: 53/5, 81/5, 24/7, 159/8, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12 и 93/13) Вашата Одлука за спроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина и формуларот, Министерството за животна средина и просторно планирање ги прифаќа.
Одлуката заедно со формуларите задолежително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Со почит,

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Shkup

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
м-р Јани Макрадули

Изработил: Милева Тагасовска
Проверил: Сашо Апостолов
Одобрил: Неби Реџепи